**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

## III ГОДИНА

## *ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА*

### *Техничар за фармерско производство*

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за фармерско производство

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Практична обука

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 216 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***практична настава*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да извршува практични операции и задачи при одгледување на поледелските култури;
- да подига и одржува овошен и лозов насад;
- да произведува градинарски расад и да одгледува градинарски култури;
- да одгледува тутун;
- да изведува операции при манипулација на тутунот;
- да извршува работни операции при одгледување на домашни животни;
- да применува агрохемиски средства;
- да применува мерки за заштита при работата;
- да развива работни навики и работна дисциплина;
- да развива позитивни ставови за заштита на животната средина.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***практична настава*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: педологија, агрохемија и земјоделска техника од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОЛЕДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **36** | **Ученикот:**<br>- да избира терен и почва за производство на поледелските култури;<br>- да учествува при сеидба на поледелските култури;<br>- да избира квалитетен семенски материјал;<br>- да го определува плодоредот на поледелските култури;<br>- да применува мерки на нега на поледелските култури;<br>- да врши заштита, наводнување и прихранување на поледелските култури;<br>- да учествува при прибирање на поледелските култури;<br>- да учествува при складирање на поледелските култури. | - Објаснување на начините на извршување на практичните операции и задачи во поледелското производство;<br>- демонстрирање на практични операции и задачи;<br>- поттикнување на самостојно извршување на практични работни задачи. | - Поледелско производство<br>- Земјоделска техника |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ЛОЗАРО-ОВОШТАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **36** | - Да произведува лозов насаден материјал;<br>- да подготвува саден материјал;<br>- да го определува времето и формите на садењето;<br>- да засадува, крои, одржува и негува лозја;<br>- да бере грозје;<br>- да изведува работни задачи во семениште, растило матичник и вкоренилиште;<br>- да ги крои, одржува и негува овошките;<br>- да ги бере овошните плодови. | - Демонстрирање на постапките за изведување на одредена практична работа;<br>- демонстрирање на постапката за извршување на работите во лозаро - овоштарското производство;<br>- поттикнување за самостојно извршување на задачите. | - Лозаро-овоштарско производство<br>- Земјоделска техника |
| **3. ГРАДИНАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **36** | - Да избира место за подигање на зеленчукова градина;<br>- да избира квалитетен семенски материјал за репродукција;<br>- да учествува при подигање на заштитен простор;<br>- да изработува топла леа и да подготвува биотопливо;<br>- да произведува расад на отворен и во заштитен простор;<br>- да произведува посадочен материјал. | - Објаснување на начините на подигање на градина;<br>- демонстрирање на квалитетен семенски материјал;<br>- демонстрирање на изработка на рамка и каса за топла леа;<br>- демонстрирање работни операции за пикирање и нега на расад. | - Градинарско производство<br>- Земјоделска техника |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. ТУТУНСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **36** | - Да избира место за одгледување на расад за тутун;<br>- да произведува расад за тутун;<br>- да го одредува времето, начинот и густината на расадувањето на тутунот;<br>- да изведува операции за нега на тутунот;<br>- да изведува операции за манипулација на тутунот после берба;<br>- да го класифицира и проценува квалитетот на тутунот;<br>- да изградува позитивен став кон тутунското производство. | - Објаснување на начините на извршување на практични операции;<br>- демонстрирање на одделни работни операции и задачи;<br>- поттикнување на самостојно работење во групи, парови и индивидуално. | - Поледелско производство<br>- Земјоделска техника |
| **5. СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **36** | - Да учествува во исхраната, сместувањето и хигиената на домашните животни;<br>- да го оценува екстериерот на домашните животни (визуелно и со помагала);<br>- да ги применува методите на одгледување на домашните животни;<br>- да ја испитува млечноста, носивоста и гојноста на домашните животни;<br>- да ја одредува половата зрелост на домашните животни; | - Извршување на работни задачи во сточарското производство;<br>- демонстрирање на одделни работни операции;<br>- демонстрирање на примена на заштитни мерки при работа;<br>- поттикнување на самостојно работење преку организирање на работа во групи, парови и индивидуално. | - Сточарско производство<br>- Земјоделска техника |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да врши основни практични операции и работни задачи за одгледување, нега и заштита на добитокот. | | |
| **6. ЗЕМЈОДЕЛСКА ТЕХНИКА** | **36** | - Да ги одредува условите за работа со земјоделската техника;<br>- да ракува со машините за основна и дополнителна обработка на почвата;<br>- да ракува со поедноставна земјоделска техника;<br>- да применува заштитни мерки при работа со земјоделската техника;<br>- да стекне навика за одржување на земјоделската техника;<br>- да ја почитува работната дисциплина. | - Информирање за условите за работа со земјоделската техника;<br>- демонстрирање на работни операции при ракување на одделни земјоделски машини;<br>- демонстрирање на примена на заштитни мерки при работа;<br>- поттикнување на самостојно работење при ракувањето со земјоделската техника. | - Поледелско производство<br>- Земјоделска техника |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на задолжителната програма ***практична настава*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активности на ученикот: вежба предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, доведува во врска (создава врска), пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афективно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, Факултетот за земјоделство и храна, педолошки и агрохемиски лаборатории, Институтот за семепроизводство, саеми, врши проверување и оценување на резултатите на учениците.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***практична настава*** треба да се реализира преку изведување на практични операции, вежби, практични задачи во училишни економии, реални училишни компании и работилници. Со цел за поуспешно стекнување на знаења и умеења кои се однесуваат на психомоторната и психосоцијалната компонента, при организацијата и реализацијата на наставата по овој предмет треба да се остварат одредени практични активности и во соодветните трговски друштва од земјоделството. Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно поделба на паралелката во две групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесите на работата.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот ***практична настава*** има пред се практично значење кое се остварува преку реализација на одделни вежби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Затоа, при реализацијата на наставниот процес потребно е користење на разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, машински елементи, земјоделски машини, трактор, макети, филмови, дијафилмови, телевизиски снимки, апарати, прибор, графоскоп, печатен материјал (учебници, прирачници, дневници, весници, странски списанија), како и разновиден материјал (педолошко-агрохемиски материјал, семенски материјал, хербариумски материјали, инсектариуми и сл.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците по предметот ***практична настава*** треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, проверки и оценување на практичните способности и стекнатите вештини на учениците при вршењето на вежбите и практичните задачи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***практична настава*** треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***практична настава*** ја реализираат наставници со завршени студии по:
***- земјоделство.***

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

## 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат преку овој предмет, потребно е наставата да се реализира во специјализирани кабинети, како и во училишни економии, реални училишни компании, училишни работилници и соодветни земјоделски стопанства.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 7.1. Датум на изработка: мај 2007 година

## 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Мирко Михаиловски, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Сашо Стефановски, наставник во ССОУ „Киро Бурназ" - Куманово
4. Драган Петрушевиќ „Оранжерии" - Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/24*** од ***21.06. 2007*** година.